# “СИЛИКА-МИНЕРАЛ"АД Прилеп

**Друштво за производство на неметални минерали**
**Ул.Ѓорче Петров бр.212 а**
**Подружница "Силика-Минерал 01“**
**с.Суводол, Македонски Брод**

# БАРАЊЕ

ЗА ИЗДАВАЊЕ

## Б-ИНТЕГРИРАНА
## ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

ИНСТАЛАЦИЈА ЗА

## ИСКОП, ДРОБЕЊЕ И СЕПАРИРАЊЕ НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА-ДОЛОМИТ
## /измени и усогласување/

**ЛОКАЦИЈА:**
Наоѓалиште **“Б Р Е С Т”**
Населено место Суводол
Општина Македонски Брод
Имотен лист бр.10, 14 КО Суви Дол

ИНСТАЛАЦИЈАТА ВРШИ
АКТИВНОСТ ОД
ПРИЛОГ 2 0Д УРЕДБАТА

ЈАНУАРИ 2020 година

Согласно Законот за животната средина, секој е должен при преземањето на активности, или при вршењето дејност, да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Операторите на инсталации, со емисии штетни за животната средина и за животот и здравјето на луѓето, се должни да обезбедат Б-интегрирана еколошка дозвола, согласно Правилникот за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка Дозвола (Сл.весник на РМ бр.112/14, 42/16)

Според Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава Интегрирана еколошка дозвола, односно, Дозвола за усогласување со Оперативен план, и временски распоред за поднесување на Барање Дозвола за усогласување со Оперативен план, фирмата "Силика-Минерал" АД Прилеп, Подружница "Силика-Минерал 01“ с.Суводол, Македонски Брод презеде активности да изготви Барање за добивање Б-Интегрирана Еколошка Дозвола, имајќи превид дека припаѓа во Активностите од;

Прилог 2 -Точка 3-Индустрија на минерали,

Подточка 3.2.-Инсталации за ископ, дробење, мелење, загревање на минерални суровини.

За таа цел, превземени се активности да се изработи, и достави во писмена и електронска форма, до надлежниот орган,

- **Барање за добивање Б-Интегрирана Еколошка Дозвола**

Барањето е изработено согласно Правилникот за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола (Сл.весник на РМ бр.112/14, 42/16)

Заради успешна изработка на споменатата документација, фирмата обезбеди соодветен број лица за контакт, релевантни за оваа проблематика, како и едно лице Одговорен за прашањата од животната средина, како и сите потребни информации, податоци, документација, и резултати од мерење на емисиите во медиумите и областите на животната средина.

Со Барањето, преку анализа на постојната состојба, очекуваните влијанија, анализа на изворите на загадувањата на животната средина, даваме оцена на влијанието на инсталацијата врз животната средина, како и соодветни предлог мерки и решанија за намалување на негативните влијанија врз животната средина и природата и доведување на загадувањата во рамките на максимално дозволените концентрации и количества, што сето заедно, ќе значи еден наш мал допринос за зачувување на животната средина, воопшто.

“Силика-Минерал” АД

## I. Општи информации

| | |
|---|---|
| Име на компанијата | Акционерско друштво за производство на неметални минерали<br>"Силика-Минерал“ увоз-извоз, Прилеп<br>Подружница "Силика-Минерал 01“<br>с.Суводол, Македонски Брод |
| Правен статус | Акционерско друштво |
| Сопственост на компанијата | Приватен капитал |
| Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата) | "Силика-Минерал“<br>Сепарација на доломит<br>Наоѓалиште Брест<br>с.Суводол, Македонски Брод |
| Број на вработени | 25 (дваесет и пет) |
| Овластен претставник | Петар Давидовиќ<br>Раководител на Подружница<br>Ул."Самоилова" бр.11-4/20, Прилеп |
| Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето | 3.Индустрија на минарали<br>3.2.Инсталации за ископ, дробење, мелење, загревање на минерални суровини<br>NOSE-P 104,11 SNAP 2 0303 |
| Проектиран капацитет | Произведен сепариран доломит<br>250.000 тони/год |

**I.1. Вид на барањето**

| | |
|---|---|
| Нова инсталација | x |
| Постоечка инсталација | Постоечка инсталација |
| Значителна измена на постоечката инсталација | x |
| Престанок со работа | x |

**I.2. Орган надлежен за издавање на Б - Интегрирана еколошка дозвола**

| | |
|---|---|
| Име на единицата на локалната самоуправа | Општина Македонски Брод,<br>Градоначалник, |
| Адреса | Ул.7-ми Септември бр. 4 |
| Телефон | 389/45 274 810 |

## 13.Рударско-индустриски круг

Како рудничко - индустриски круг се сметаат рударско - градежните објекти кои треба да обезбедат нормално работење на површинскиот коп "Брест" .

Готовите производи односно различните фракции од сепарираниот доломит, до нивната продажба ќе бидат складирани на плацот за готови производи

1. Стражара
2. Инсталација за дробење со сепарација
3. Механичарска работилница со канал за поправки на механизацијата
4. Магацин за експлозивни средства
5. Магацин за гориво со танквана
6. Управна зграда - канцеларии
7. Трафостаница
8. Вага за мерење на минералната суровина
9. Плац за готови производи (сепариран доломит)
10. Трпезарија
11. Соблекувална
12. Магацин за резервни делови
13. Боксови за отпадни материјали
14. Магацин за масла и мазива
15. Паркинг за лесни возила
16. Паркинг за механизацијата

## 14. Системи за намалување и третман на загадувањето и искористувањето на отпадот

Околината на Инсталацијата, воглавно не е изградена, во близина се наоѓа населеното место Суводол, а нешто подалеку е населеното место Девич.

Во непосредната околина не постојат други видови живеалишта, ниту пак осетливи области, или области со посебно значење, кои би можеле да бидат загрозени од работата на инсталацијата.

Согласно Правилникот за класификација на објектите што со испуштање на штетни материи можат да го загадат воздухот во населените места и формирање зони за санитарна заштита, Инсталацијата, може да се класира во гранката-Екплоатација и оплеменување на минерални суровини, Класа 2-Вадење на руда на: доломит и други, со површински коп, при што ширината на зоната за санитарна заштита, определена е на растојание од 601 до 1.000 метри.

Конкретни информации за Системите за намалување и третман на загадувањето и искористувањето на отпадот, дадени се во соответните поглавја на Барањето.

При тоа, нагласуваме дека во дел од поглавјата, во однос на Анексите, користено е Упатството за подготвување на А-интегрирана еколошка дозвола, што впрочем е регулирано со Законот за животната средина, а со тоа се обезбедува повисок степен на заштита..

Операторот, заради придонес во значителните подобрувања на животната средина, во текот на своите дејствувања, се базира на концептот Најдобри достапни техники. Во таа смисла, Друштвото; набавува, употребува, работи, а при тоа одржува и надгледува технологии, кои одговараат најмногу за планираната цел, односно такви техники, кои се најефективни во постигнувањето на високо општо ниво на животната средина, во целина .

## Листа на извори на бучава

| Извор на емисија Референца бр. | Извор/уред | Опрема Референца бр. | Интензитет на бучава Дб на означена оддалеченост | Периоди на емисија Број на часови Предпладне/Попладне |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Багер | Машина за раскопување | Според упатство за употреба | 5 часа и 30 минути Претпладн/ попладне |
| 2. | Камион | Машина за транспорт | Според упатство за употреба | 5 часа и 30 минути Претпладне/ попладне |
| 3. | Булдозер | Машина за товарање | Според упатство за употреба | 5 часа и 30 минути Претпладне/ попладне |

## Амбиентални нивоа на бучава

| Референтни Точки | Национален координатен систем | Нивоа на звучен притисок (dB) | | |
|---|---|---|---|---|
| | (5N,5E) | L(A) eq | L(A) 10 | L(A) 90 |
| **Граници на локацијата** | | | | |
| **Локација 1:** | N $41^0$31’48.71” E $21^0$14’28.09” | 57,35 | 55,10 | 59,60 |
| **Локација 2:** | N $41^0$31’57.83” E $21^0$14’36.69” | 68,10 | 67,30 | 68,90 |
| **Локација 3:** | N $41^0$32’05.20” E $21^0$14’35.73” | 54,50 | 53,80 | 55,20 |
| **Локација 4:** | N $41^0$31’59.18” E $21^0$14’41.46” | 58,55 | 57,50 | 59,60 |
| **Локација 5:** | N $41^0$31’54.30” E $21^0$14’42.91” | 64,90 | 63,90 | 65,90 |
| **Локација 6:** | N $41^0$31’43.69” E $21^0$14’49.24” | 72,35 | 69,60 | 75,10 |
| **Осетливи локации** | Нема осетливи локации | | | |
| **Локација 7:** | | | | |

Квантитативните вредности, добиени при мерења, за определување на нивото на бучавата која се емитира во животната средина од работните активности, определени со посебни мерења, лоцирани се на следните места:

ММ-1; Југ, влез во наоѓалиште ; 55,10-59,60 dB(A),

ММ-2; Запад, средина на наоѓалиште; 67,30-68,90 dB(A),

ММ-3; Северо-запад, горна граница на наоѓалиште; 53,80-55,20 dB(A),

ММ-4; Северо-истик, горна граница на наоѓалиште; 57,50-59,60 dB(A),

ММ-5; Исток средина на наоѓалиште; 63,90-65,90 dB(A),

ММ-6; Југо-исток, долна граница на наоѓалиште; 69,60-75,10 dB(A),

# И З Ј А В А

**Со оваа изјава поднесувам барање за дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животната средина и прописите усвоени за таа цел.**

**Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни.**

**Немаме никаква забелешка на одредбите од Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или на негови делови за потребите на друго лице.**

**Потпишано од :** ______________________

Во име на Акционерско друштво за производство на неметални минерали „СИЛИКА-МИНЕРАЛ" увоз-извоз Прилеп, Подружница „СИЛИКА-МИНЕРАЛ 01" с.Суводол Македонски Брод

**Датум :** ______________________

**Име на потписникот:**

**ПЕТАР ДАВИДОВИЌ**

**Позиција во организацијата :**

**Раководител на Подружница**

*Печат на компанијата:*